**НАЦРТ**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 13 став 3 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14) и член 15 став 1 алинеја 7 и член 39 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-507/8 од 23.01.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 02-ра седница одржана на 23.01.2015 година, донесе:

# НАЦРТ – ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на кој радиодифузерите се должни на сопствената програма да ги објават податоците за своето работење и снимка од објавената содржина да достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Член 2

Радиодифузерите имаат обврска да ги објават податоците за:

- сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување,
- одговорниот уредник/уредници и
- изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично).

Член 3

Податоците од член 2 од овој Правилник радиодифузерите се должни да ги објават во ударни термини на сопствената програма, и тоа:

- ТВ станиците на национално ниво пред емитување на главните вести
- ТВ станиците на регионално и на локално ниво пред емитување на главните вести или на некоја друга емисија што се емитува во ударен термин и
- радиостаниците на национално, регионално и на локално ниво во периодот од 15:00 до 16:00 часот.

Член 4

Радиодифузерите се должни податоците од член 2 од овој Правилник да ги објават најмалку три пати во текот на годината, и тоа:

- Првиот пат најдоцна до 31 март,
- Вториот пат најдоцна до 30 јуни и
- Третиот пат најдоцна до 31 октомври.

Член 5

Радиодифузерите се должни во рок од 15 дена од денот на објавување на податоците, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достават снимка од објавената содржина како доказ дека ја исполниле обврската.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила на денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**Бр.__________**
**______.2015 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**______________________**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**